***Број: 02 - 18878/2***
***30.11.2007 год.***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XXII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 30.11.2007 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи (делумно присутен)*

- *Златко Алексов, помошник на директорот за јавни набавки (делумно присутен)*
- *Стојан Петрески, началник на одделението за имотно правни односи (делумно присутен)*
- *Емилија Здравева, дипломиран правник*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*На седницата присуствуваше и Борче Ѓорѓиевски, консултант на Фондот за реформа во болничкиот систем кој на члeновите на Управниот одбор им даде објаснувања во врска со точката 6 од дневниот ред.*

*Претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Утврди дека на седницата присуствуваат сите членови на Управниот одбор по што го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записниците од* ***XX и XXI*** *седница на УО одржани на 26.10.2007 и 02.11.2007 година.*

1. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарната здравствена заштита;*
2. *Одлука за утврдување на капитација за стоматолошки здравствени услуги;*
3. *Информација за договорите за примарна здравствена заштита за 2008 година;*
4. *Одлука за утврдување на референтна цена за интраокуларни леќи;*
5. *Квартален извештај за работењето на ФЗОМ;*
6. *Дискусија по барањата за утврдување дополнителен дел од буџетот на клиниките за ревматологија, хематологија и пулмологија во 2008 година;*
7. *Правилник за утврдување на критериуми и постапка за утврдување на референтни цени на лекови;*
8. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
9. *Информација од претседателот на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со мислење од директорот на секторот за фармација во ФЗОМ;*
10. *Предлог за покренување на постапка за прочистување и исправка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
11. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство; (одложен од 20 седница заради прибирање мислења)*
12. *Разно*
    *12.1 Барање од ПЗУ Агрон;*

*12.2 Молба од Медикус Хелп;*

*12.3 Барање од Клиниката за хематологија за одобрување средства за набавка на апаратура (флоу цитомер) за рана дијагностика и следење на малигните заболувања;*

*12.4 Барање од Клиниката за хематологија за корекција на висината на вкупниот надоместок за тековната година.*

*Директорот Тренкоски предложи дневниот ред на седницата да се дополни со следните точки:*

- *Информирање за дислоцирање на бараката на подрачната служба во Делчево како објект од времен карактер;*
- *Барање од АД „МЗТ Пумпи“ за одложено плаќање на заостанати обврски по основ на здравствено осигурување;*
- *Одлука за одобрување на средства за набавка на ЕКГ - апарати за потребите на избраните лекари во здравствени установи од примарната здравствена заштита;*
- *Одлука за набавка на биокуларен колпоскоп за избрани гинеколози.*
- *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Страшо Наумоски предложи на дневниот ред да се додаде и точка за договорите за примарна здравствена заштита а во врска со разговорите што се водеа помеѓу Лекарската комора и Фондот. Побара во дневниот ред да се внесе и предлог за измена на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствеено осигурување. Овој предлог за измена предвидува бришење на зборот „најблиската“ пред зборовите „здравствена установа која врши соодветна болничка здравствена заштита“.*

*Трајче Леов предложи Управниот одбор да расправа и за појавата субјекти кои имаат договор за давање на здравствени услуги на осигуреници на Фондот да не плаќаат придонес на вистинскиот износ на платата. Во врска со тоа да се изврши финансиска контрола од страна на Фондот како и да се побара контрола да изврши и Министерството за финансии.*

*Љубиша Каранфиловски побара на дневниот ред да биде ставено барањето на фабриката за кабли од Неготино за плаќање на заостанатиот придонес за здравствено осигурување на рати.*

*Снежана Костадиноска Милошеска побара во врска со актуелната состојба со појава на бактерии на некои клиники, Фондот да излезе во јавноста со објаснување дека оваа појава не се должи на недостаток на средства во тие здравствени установи.*

*Управниот одбор ги прифати предложените дополнувања со исклучок на предлогот за измена на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, по што едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записниците од **XX и XXI** седница на УО одржани на 26.10.2007 и 02.11.2007 година.*

*1.Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарната здравствена заштита;*

2. *Одлука за утврдување на капитација за стоматолошки здравствени услуги;*
3. *Информација за договорите за примарна здравствена заштита за 2008 година;*
4. *Одлука за утврдување на референтна цена за интраокуларни леќи;*
5. *Квартален извештај за работењето на ФЗОМ;*
6. *Дискусија по барањата за утврдување дополнителен дел од буџетот на клиниките за ревматологија, хематологија и пулмологија во 2008 година;*
7. *Правилник за утврдување на критериуми и постапка за утврдување на референтни цени на лекови;*
8. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
9. *Информација од претседателот на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со мислење од директорот на секторот за фармација во ФЗОМ;*
10. *Предлог за покренување на постапка за прочистување и исправка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
11. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство; (одложен од 20 седница заради прибирање мислења)*
12. *Разно*
    - *Барање од ПЗУ Агрон;*
    - *Молба од Медикус Хелп;*
    - *Барање од Клиниката за хематологија за одобрување средства за набавка на апаратура (флоу цитомер) за рана дијагностика и следење на малигните заболувања;*
    - *Барање од Клиниката за хематологија за корекција на висината на вкупниот надоместок за тековната година.*
    - *Информирање за дислоцирање на бараката на подрачната служба во Делчево како објект од времен карактер;*
    - *Барање од АД „МЗТ Пумпи“ за одложено плаќање на заостанати обврски по основ на здравствено осигурување;*
    - *Одлука за одобрување на средства за набавка на ЕКГ - апарати за потребите на избраните лекари во здравствени установи од примарната здравствена заштита;*
    - *Одлука за набавка на биокуларен колпоскоп за избрани гинеколози.*
    - *Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записниците од XX и XXI седница на Управниот одбор одржани на 26.10.2007 и 02.11.2007 година.*

*Членовите на Управниот одбор едногласно и без забелешки ги усвоија записниците од XX и XXI седница одржани на 26.10.2007 и 02.11.2007 година.*

***ТОЧКА 1-*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарната здравствена заштита*

*По оваа точка објаснување даде директорот Тренкоски. Тој кажа дека предлогот доставен пред Управниот одбор предвидува вредноста на капитациониот бод за гинеколозите да се зголеми од 30,15 на 45 денари со истовремено намалување на бројот на пациентки што можат да изберат еден гинеколог. Со тоа ќе се овозможи од една страна вработување на поголем број на лекари во примарната гинеколошка здравствена заштита а од друга страна поголема посветеност на лекарите на помалиот број пациенти. Од друга страна капитацијата кај стоматологијата се предвидува да биде намалена.*

*Љубиша Каранфиловски се осврна на капитацијата кај стоматологијата. Смета дека Фондот и Министерството за здравство немаат усогласено гледиште за овој проблем. Стоматолошката комора смета дека намалувањето на капитацијата треба да биде проследено со поголемо учество на пациентите. Исто така смета дека намалувањето на капитациониот бод треба да се врши постепено во наредните пет години.*

*Директорот Тренкоски истакна дека Фондот и Министерството имаат усогласен став за ова прашање, иако постоеше мислење од министерството дека стоматолошките услуги во 2008 година не треба да бидат вклучени во пакетот здравствени услуги. На крајот се дојде до становиштето дека капитациониот бод од 35 денари е оптимално решение.*

*Страшо Наумоски извести дека со допис до Лекарската комора, Стоматолошката комора го изнела ставот дека учеството на пациентите треба да се зголеми за 30% доколку се намалува вреноста на капитациониот бод на 35 денари.*

*Маријана Лончар Велкова додаде дека зголемувањето на учеството за осигурениците секако ќе биде непопуларно но секако е подобро решение од целосното исклучување на стоматолошките услуги од пакетот на здравствени услуги на товар на Фондот.*

*Љатиф Аљиљи во врска со тоа додаде дека имало размислувања стоматолошките услуги на товар на Фондот да се обезбедуваат за осигурениците до 14 годишна возраст, па до 18 годишна, но со оглед на карактерот на Република Македонија како социјална држава се прифати решението со зголемено учество на осигурениците.*

*Директорот Тренкоски додаде дека пакетот на здравствени услуги е законска категорија со оглед на надлежноста на Фондот смета дека е изнајдено најдоброто решение.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарната здравствена заштита***

***ТОЧКА 2-*** *Одлука за утврдување на капитација за стоматолошки здравствени услуги*

*Во врска со точка 1, Управниот одбор едногласно донесе и*

***Одлука***
***за утврдување на капитација за стоматолошки здравствени услуги***

*и*

***Одлука***
***за утврдување на учеството на осигурените лица за стоматолошки здравствени услуги***

***ТОЧКА 3-*** *Информација за договорите за примарна здравствена заштита за 2008 година*

*Информацијата ја презентира Лазар Трајчев. Тој наведе дека информацијата која како материјал за седницата им беше претходно доставена на членовите на Управниот одбор претставува приказ визија како договорите за 2008 година треба да изгледаат. При обликувањето на договорот за 2008 година се земени предвид искуствата од 2007 година и врз таа основа се извршени повеќе подобрувања. Како најзначајни новини ги истакна овозможувањето лекарите специјализанти да работат за време на специјализацијата, новиот модел на утврдување на рецептите што можат да ги препишат избраните лекари, воведувањето на договорните казни за повреди на договорот, интернет поврзувањето, новите цели за општите лекари и гинеколозите и сл.*

*Потоа членовите на Управниот одбор поставуваа прашања и ја коментираа информацијата.*

*Страшо Наумоски во однос на предвидениот модел за препишување рецепти истакна дека тоа решение Лекарската комора го прифатила имајќи го во вид фактот дека средствата на Фондот не се неограничени. Инаку, во идеални услови, кога лекарот би препишувал рецепти според индикација, никакви ограничувања не би биле оправдани. Тој побара да се отвори прашањето на лековите од позитивната листа кои се препишуваат од лекарите во примарната здравствена заштита а кои се наменети за третирање на болести опфатени со посебни програми и истакна дека таквите лекови не треба да бидат вклучени во буџетите на лекарите.*

*Директорот Трекоски истакна дека ограничувања на издавањето на рецепти има и во економски многу поразвиени земји како на пример Холандија и дека за лековите кои се наменети за третирање на болести опфатени со посебни програми плаќањето не го врши Фондот туку Владата. Во однос на новиот модел на издавање на рецепти објасни дека на лекарите не се ограничени во бројот на издадени рецепти но доколку издадат рецепти за лекови со кои се надминува за нив утврдената квота, нема да ја остварат целта - рационално препишување на лекови.*

*По овој одговор, Страшо Наумоски побара Фондот да се обрати до Министерството за здравство и Министерството за финансии и да ја истакне потребата за навремено плаќање на средствата по програмите. Понатаму го истакна и прашањето за препишување на лекот метадон кој се користи кај лекувањето на болестите на зависност од наркотици. Не секаде во Република Македонија има центри за лекување на болести на зависност. Во таквите места, по препорака на психијатар, пациентите доаѓаат кај примарните лекари за да им се препише терапија. Наведе дека според него лековите треба да се даваат во психијатриските установи што го упатиле пациентот кај примарниот лекар.*

*Маријана Лончар Велкова истакна дека некои примарни лекари може да имаат поголем број на пациенти кои користат скапи лекови - цитостатици и дека тоа ќе се одрази на нивната квота за издавање рецепти. Исто така праша како ќе се утврди која казна ќе се примени за одредено прекршување на договорот.*

*Директорот Тренкоски објасни дека ваквите  лекови се наоѓаат на болничката листа и дека таму им се даваат на пациентите.*

*Лазар Трајчев објасни дека во договорите точно ќе биде наведено за каква повреда на договорот колкава ќе биде казната.*

*На крајот, Управниот одбор едногласно ја усвои* ***Информацијата*** *за договорите за примарна здравствена заштита за 2008 година*

***ТОЧКА 4-*** *Одлука за утврдување на референтна цена за интраокуларни леќи*

*По оваа точка објаснување даде директорот Тренкоски. Тој наведе дека во минатото за интраокуларни леќи се плаќало и по тринаесет, четиринаесет и повеќе илјади денари. Со утврдувањето на референтна цена за ова помагало оваа разнообразие ќе се надмине. Од Клиниката за очни болести бараа цената да се утврди на 4.500,00 денари. Предложената цена од 3.000,00 денари е утврдена имајќи ги во вид цените за интраокуларни леќи во регионот.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на референтна цена за интраокуларни леќи***

***ТОЧКА 5-*** *Квартален извештај за работењето на ФЗОМ*

*Објаснување по оваа точка од дневниот ред даде Ромела Поповиќ Трајкова. Наведе дека приходите на Фондот во анализираниот период се зголемени во однос на истиот период во минатата година но и дека се поголеми во однос на планираното. Нагласи дека забележително зголемување се бележи кај заостанатите придонеси од поранешни години што очигледно се должи на акцијата за наплата на долговите по судски пат. Потоа, детално го објаснуваше извештајот според ставки. Го истакна проблемот со ниското остварување на капиталните расходи. Поради тоа предложи во програмите за инвестирање да се усвојуваат само оние инвестиции за кои е сигурно дека ќе се реализираат.*

*Маријана Лончар Велкова во врска со ова го предложи а Управниот одбор едногласно го усвои следниот*

***Заклучок:***
- *Фондот да ги истражи причините за нереализирање на инвестициите*
- *При изготвувањето на инвестиционите програми да се има во вид можноста за реализирање на инвестицијата*

*Борис Јосифовски побара објаснување како Фондот ги намалил долговите и дали се заканува опасност доколку некој од доверителите поведе судска постапка за наплата на долгот, да дојде до блокада на сметката на Фондот.*

*На ова, Ромела Поповиќ Трајкова објасни како Фондот ги врши плаќањата. Наведе дека Фондот успешно ги планира расходите и дека водејќи сметка за веќе превземените обврски не превзема нови кои во моментот на стасување не ќе може да ги плати. На тој начин не постои опасност да дојде до блокада на сметката.*

*Ромела Поповиќ Трајкова продолжи наведувајќи дека уште 70 милиони денари сеуште не се реализирани но дека очекува да бидат реализирани до крајот на годината. Додаде и дека вкупните обврски на Фондот се намалени за 20,05 % а дека зголемување е забележано само кај расходите за договорите на дело односно вработувањата преку агенции за привремени вработувања.*

*Потоа членовите на Управниот одбор поставуваа прашања и добиваа дополнителни објаснувања по одделни делови од анализата.*

*Трајче Леов во врска со расходите за договори на дело односно вработувањата преку агенции за привремени вработувања укажа дека таквата пракса не е во согласност со законот. Поради тоа предложи а Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***
- *Сите вработувања во здравството кои ги финансира Фондот да бидат во согласност со прписите за работните односи*
- *Фондот да не одобрува средства за ангажирање на работници со договор на дело или на друг начин што не претставува регуларно вработување согласно законските прописи*

*На крајот, Управниот одбор едногласно ја усвои анализата за реализацијата на средствата од буџетот на ФЗОМ и буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари-септември 2007 година*

***ТОЧКА 6-*** *Дискусија по барањата за утврдување дополнителен дел од буџетот на клиниките за ревматологија, хематологија и пулмологија во 2008 година за третман на одредени специфични заболувања*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека се работи за скапи третмани со лекови кои не се најдоа на позитивната листа. Бројот на пациенти на кои им се потребни е познат па како најсоодветно решение предлагаме при утврдувањето на буџетите за 2008 година на клиниките каде се третираат да се земе предвид и потребата за нивен третман.*

*Аљбон Џемаили предложи штом е познат бројот на лица на кои им е потребен специфичен третман на тие клиники, да се пресмета колку средства се доволни за нивните годишни потреби па толку и да се насочат кон соодветната клиника.*

*Директорот Тренкоски објасни дека со оглед на бројот на лица на кои им е потребна специфична терапија и нејзината цена, ќе треба да се обезбедат 500.000 евра за Клиниката за хематологија, 150.000 евра за Клиниката за пулмологија и 50.000 евра за Клиниката за ревматологија. Со обезбедување на овие средства Фондот ќе покаже дека се грижи за потребите на осигурениците на кои им се потребни овие скапи третмани.*

*Дополнително објаснување по оваа точка даде проф.Борче Ѓорѓиевски, консултант на Фондот за реформа во болничкиот систем. Со оглед на високата цена на овие третмани, засега тие ќе им бидат достапни само на осигурениците кои имаат најголема потреба од нив. Изборот секако треба да се врши врз основа на строго утврдени медицински критериуми. Се надеваме дека од година во година терапијата ќе им биде достапна на се повеќе пациенти.*

*По објаснувањата, Управниот одбор донесе*

***Заклучок:***

- *При утврдувањето на буџетските плафони на јавните здравствени установи за 2008 година да се земат предвид и потребите за овие третмани.*

***ТОЧКА 7-*** *Правилник за утврдување на критериуми и постапка за утврдување на референтни цени на лекови*

*Објаснување на предложениот правилник даде Стојан Петрески кој наведе дека членот 54 од Законот за здравственото осигурување дава основа за утврдување на референтнтите цени со акт на Управниот одбор на Фондот.*

*Во дискусијата по текстот, Борис Јосифовски побара објаснување на формулацијата на член 5 алинеја 1 од Правилникот за која смета дека е недоволно јасна.*

*Директорот Тренкоски објасни дека формулацијата е превземена од Законот за здравственото осигурување и потоа на членовите на Управниот одбор им презентира како оваа одредба се применува.*

*Маријана Лончар Велкова предложи во фуснота на текстот на Правилникот да се објасни методологијата.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за утврдување на критериуми и постапка за утврдување на референтни цени на лекови***

***ТОЧКА 8-*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Директорот Тренкоски ја објасни предложената измена во систематизацијата во секторот за информатика на Фондот.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*и*

***Правилник***
***за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија - Скопје***

***ТОЧКА 9-*** *Информација од претседателот на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со мислење од директорот на секторот за фармација во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Поради отсуство на претседателот на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и директорот на секторот за фармација во Фондот за здравствено осигурување на Македонија оваа точка е симната од дневниот ред.*

***ТОЧКА 10-*** *Предлог за покренување на постапка за прочистување и исправка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Директорот Тренкоски објасни дека е потребно Управниот одбор да изврши пречистување и исправки во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот поради одредени неусогласености со решенијата за регистрација на одделни лекови од листата.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***

- *Да се извршат потребните пречистувања и исправки во листата*
- *Менаџментот на Фондот се задолжува да изготви пречистен текст и да го достави до Управниот одбор за усвојување*

***ТОЧКА 11-*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство; (одложен од 20 седница заради прибирање мислења)*

*Стојан Петрески објасни дека оваа точка е одложена од претходната седница на Управниот одбор заради добивање мислење од неколку релевантни установи. Досега е пристигнато мислење од Институтот за медицина на трудот при Здравствен дом Скопје како и од Лекарската комора на Македонија кое е предадено пред почетокот на оваа седница. Се чека мислење уште од Министерството за здравство и Македонското лекарско друштво.*

*По објаснувањето, Управниот одбор одлучи точката да се одложи до добивање на мислењата и од овие установи а потоа повторно да се стави на дневниот ред.*

***ТОЧКА 12-*** *Разно*

*12.1 Барање од ПЗУ Агрон;*

*Во врска со оваа точка објаснување даде Стојан Петрески. ПЗУ Агрон бара областа во која работат неговите работни единици во селата Радуша и Бојане да биде прогласена за рурална област. Стојан Петрески објасни дека на една од претходните седници Управниот одбор заклучи пред да се донесуваат одлуки за вклучување на одредени подрачја од Република Македонија во листата*

*на рурални подрачја, да се почека донесувањето на пропис за утврдување на критериумите за прогласување на рурални подрачја. Ваков пропис е во изготвување во Владата на Република Македонија и ќе има поширока примена. Идните одлуки на Управниот одбор ќе треба да бидат во согласност со критериумите што ќе бидат дефинирани во овој пропис.*

*По ова, Управниот одбор одлучи барањето на ПЗУ Агрон да не се разгледува до утврдувањето на критериумите за прогласување на рурални подрачја.*

*12.2 Молба од Медикус Хелп;*

*Договорот што Медикус Хелп го имал со Фондот бил раскинат поради тоа што здравствената установа од осигуреникот на Фондот не прибавила изјава дека се согласува да доплати за надстандардни штаки.*

*Според Маријана Лончар Велкова санкциите за непочитување на договорот помеѓу здравствената установа и Фондот се престроги. Тоа е согледано и како што се заклучи по дискусијата под точка 3 на оваа седница, во следната година во договорите ќе се воведат договорни парични казни. Поради тоа а и поради фактот што Медикус Хелп е една од неколкуте организации кои даваат ваков вид на здравствени услуги па со раскинувањето на договорот последици ќе трпат и осигурениците на Фондот, предложи Фондот да склучи договор со оваа организација за 2008 година.*

*Предлогот беше едногласно прифатен од членовите на Управниот одбор по што се донесе Одлука Фондот да склучи договор со Медикус Хелп за 2008 година*.

*12.3 Барање од Клиниката за хематологија за одобрување средства за набавка на апаратура (флоу цитомер) за рана дијагностика и следење на малигните заболувања;*

*По ова барање директорот Тренкоски го изнесе ставот на Фондот дека набавката на флоу цитометар се смета за оправдана и потребна поради тоа што намера на Фондот е да се инвестира во превентива и рано дијагносицирање на болестите. Предложи средства за оваа набавка да се обезбедат во рамките на средствата кои во 2008 година ќе се обезбедат за Клиниката за хематологија.*

*Предлогот беше прифатен од членовите на Управниот одбор, по што едногласно се донесе* ***Одлука, барањето на Клиниката за хематологија да биде прифатено а средствата да се обезбедат во рамките на буџетот на клиниката за 2008 година.***

*12.4 Барање од Клиниката за хематологија за корекција на висината на вкупниот надоместок за тековната година.*

*Ова барање на Клиниката за хематологија Управниот одбор едногласно го одби.*

*12.5 Информирање за дислоцирање на бараката на подрачната служба во Делчево како објект од времен карактер*

*Стојан Петрески по оваа точка објасни дека бараката во која се наоѓа подрачната служба во Делчево а во која исто така е и подрачната служба на Фондот на ПИОМ, како времен објект ќе биде урaната и на нејзино место ќе се гради спортска сала. Поради тоа оваа барака треба да се расходува комисиски врз основа на пописите на основни средства од претходните години.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:** Се задолжува директорот на Фондот да формира комисија која ќе изврши расходување на бараката.*

*12.6 Барање од АД „МЗТ Пумпи“ за одложено плаќање на заостанати обврски по основ на здравствено осигурување*

*АД „МЗТ Пумпи“ бара долгот кој го има кон Фондот по основ на неплатен придонес за здравствено осигурување од 2001 и 2003 година да го плати на рати.*

*Љубиша Каранфиловски додаде дека има сознание дека и фабриката за кабли од Неготино има доставено слично барање.*

*Против овие обврзници за плаќање на придонес е поведена судска постапка за наплата на придонесот откако не го платиле ниту по повикот од Фондот преку средствата за јавно информирање упатен кон сите обврзници со заостанат долг.*

*Управниот одбор по ова барање донесе*

***Заклучок:***

- *Фондот на АД „МЗТ Пумпи“ и на Фабриката за кабли од Неготино да им овозможи плаќање на рати на заостанатиот придонес. Во висината на долгуваниот придонес да се вклучат и каматите заради ненавремено плаќање на придонесот и трошоците што ги имал Фондот за поведувањето на судските постапки за наплата. За обезбедување на побарувањето да се достави банкарска гаранција.*

*12.7 Одлука за одобрување на средства за набавка на ЕКГ - апарати за потребите на избраните лекари во здравствени установи од примарната здравствена заштита*

*Директорот Тренкоски даде објаснување на предлог одлуката наведувајќи дека таа е во насока на инвестирање на Фондот во примарната здравствена*

*заштита. Со рефундирањето на средствата што здравствените установи ќе ги вложат во модерни ЕКГ апарати тие се поттикнуваат да го подигнат квалитетот на здравствената заштита на осигурениците на Фондот.*

*Потоа, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за одобрување на средства за набавка на ЕКГ - апарати за потребите на избраните лекари во здравствени установи од примарната здравствена заштита***

*12.8 Одлука за набавка на биокуларен колпоскоп за избрани гинеколози*

*Директорот Тренкоски наведе дека како и претходно донесената одлука и оваа одлука е во насока на подигнување на квалитетот на примарната здравствена заштита, но во овој случај на женската популација.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за одобрување на средства за набавка на биокуларен колпоскоп со камера за потребите на избраните лекари - гинеколози во здравствени установи од примарната здравствена заштита***

*12.9 Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Златко Алексов објасни дека измената на планот за јавни набавки е предложена поради потребата од набавка на тонери и хартија за фотокопирање која се укажа со зголемениот обем на работа на стручните служби на Фондот. Покрај тоа, потребно е да се изврши и набавка на услуги за проценка на недвижниот имот на Фондот и негово катастарско мерење и евидентирање.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2007 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*Управниот одбор заврши со работа во 14.00 часот.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***